Друштво за производство.трговија и услуги
СИГУРНОСТ-ДП ДООЕЛ
Бр. 74/22
11.07.2022 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-7536/1
Датум: 07-07-2022

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги -
одржување и сервисирање на системот за автоматско гасење и дојава на пожар и влага

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. Даме Груев бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган

и

2. Друштво за производство, трговија и услуги СИГУРНОСТ-ДП ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. 12-та Македонска Бригада бр.40А - Скопје, претставувано од управителот Димитар Петревски, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуги – одржување и сервисирање на системот за автоматско гасење и дојава на пожар и влага во објектот на Министерството за финансии лоциран на ул. „Даме Груев" бр.12 во Скопје, по спроведената постапка за набавка од мала вредност по оглас бр.06081/2022.

Составен дел на овој договор се Техничките спецификации дадени во Прилог 1 кон Договорот и Листата на цени за услуги и резервни делови дадена во Прилог 2 кон Договорот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Единичните цени за извршување на услугите од овој договор се утврдени во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон Договорот).

Во единечната цена за резервни делови наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови е содржана цената на резервниот дел кој се набавува, во која се вклучени сите трошоци за испорака на деловите, такси, увозни царини и останати давачки на набавка на делот, цена за работен час, патни трошоци/транспортни трошоци и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Во цената на работен час (трошоци за работна рака) се вклучени: работа во редовно работно време (8-16 часот), вон работно време (16-24 часот), ноќни смени, викенд и празник со патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Работен час претставува бројот на работни часови потребен за извршување на бараната услуга независно од бројот на ангажирани лица за извршување на услугата.

Член 3

Вкупната максимална вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 250.000,00 денари.

Вкупниот износ на данок на додадена вредност изнесува 45.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 295.000,00 денари.

Вкупната вредност на договорот е фиксна и непроменлива за целото времетраење на истиот.

Договорниот орган не е обврзан да ја реализира вкупната максимална вредност на договорот.

Член 4

Цената за резервен дел кој не е предвиден во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон Договорот), ќе се фактурира според набавната цена на резервниот дел со пресметана трговска маржа од 15% сметано од набавната цена на делот, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

За замена на резервен дел кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон Договорот), носителот на набавката е должен да понуди цена за истиот со трговска маржа која е утврдена во став 1 на овој член.

За докажување на висината на маржата, носителот на набавката е должен со својата фактура да достави и примерок од фактурата од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот.

## III. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

Член 5

Единечните цени за предметот на договорот дадени во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон Договорот) и висината на трговската маржа се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

Единичните цени и вкупната максимална вредност на овој договор се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## IV. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 6

Предметот на набавката го опфаќа извршувањето на следниве услуги:

- Отстранување и поправка на дефекти без замена на резервен дел за што се предвидени максимум 100 (сто) работни часа;
- Изработка на редовен извештај согласно со важечката законска регулатива за против пожарна заштита;
- Отстранување и поправка на дефекти со замена на резервен дел (кои се наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови).
- Отстранување на утврдениот дефект или проблем, со замена на резервен дел по доставена предлог пресметка (понуда) од страна на носителот на набавката за замена на резервниот дел (кои не се наведени во листата на цени за услуги и резервни делови) и по прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

Договорниот орган не е обврзан да ги замени сите резервни делови наведени во Техничката спецификација (Прилог 1 кон Договорот) и Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон Договорот).

Член 7

Договорните страни се согласни извршувањето на секоја услуга која е предмет на овој договор задолжително да се одвива на следниов начин:

- барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга/интервенција;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката со бројот на работните часови потребен за извршување на конкретната услуга/интервенција;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за замена на резервни делови кои не се наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови;

- издавање на писмено одобрение за извршување на услугата-интервенција од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);
- извршување на услугите од страна на носителот на набавката и
- одобрување на работен налог за извршена услуга.

Барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга

Член 8

Доколку договорниот орган има потреба од извршување на услуга со замена или без замена на резервен дел, задолжително се обраќа до носителот на набавката (писмено или преку електронска пошта или усно во зависност од итноста) со барање да ја изврши бараната услуга, односно да му се издаде предлог-пресметка/понуда за извршување на услугата.

Издавање на предлог-пресметка/понуда од носителот на набавката

Член 9

Носителот на набавката е должен на барање на договорниот орган да издаде предлог-пресметка (понуда) за бројот на работните часови неопходни за извршување на одредена услуга - интервенција и за замена на резервен дел кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови.

Носителот на набавката во предлог - пресметката (понуда) задолжително наведува:

- бројот на работните часови неопходни за извршување на конкретната услуга - интервенција;
- опис на услугата што треба да се изврши, цена на резервен дел со пресметана трговска маржа од 15% од набавната цена на делот, во прилог со примерок од фактурата од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот;
- барањето од договорниот орган;
- рок во кој ќе ја изврши конкретната услуга, сметано од денот на прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел кој не е наведен во листата на цени за услуги и резервни делови треба да содржи цена на понудениот дел која вклучува:

- цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите трошоци за испорака на деловите, такси, увозни царани и останати давачки на набавка на

делот, патни трошоци/транспортни трошоци и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата;

- трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;

- цена на работен час (трошоци за работна рака), во која ќе бидат вклучени: работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Набавната цена на делот кој се заменува е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Наведените делови ја сочинуваат вкупна понудена цена за замена на резервниот дел кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови.

При составување на понудата, носителот на набавката треба да ги прикаже сите наведени елементи на цената на понудениот дел.

Утврдувањето на рокот во кој носителот на набавката ќе ја изврши конкретната услуга е должен да го врши врз основа на реална проценка за времето потребно да се изврши услугата.

Писмено одобрение од договорниот орган

Член 10

Договорниот орган е должен да ја разгледа предлог-пресметката (понудата), да провери дали истата е во согласност со овој договор и врз основа на процена на оправданоста за извршување на услугата дава одобрение на носителот на набавката.

Носителот на набавката ќе пристапи кон извршување на услугата само по добивање на писмено одобрение дадено од договорниот орган.

Член 11

По исклучок од член 10 на овој договор, во итни случаи, договорниот орган може да му даде на носителот на набавката усно одобрение за извршување на услугата.

Носителот на набавката е должен да пристапи кон извршување на услугата за која е дадено усно одобрение и истото да го констатира во работниот налог.

Договорниот орган може по даденото усно одбрение да достави писмено одобрение до носителот на набавката.

За лицата кои можат да дадат усно одобрение во итни случаи договорниот орган ќе го извести носителот на набавката по потпишување на овој договор.

Извршување на услугата од носителот на набавката

Член 12

Носителот на набавката е должен по доставеното барање од договорниот орган, а во итни случаи и по усно барање од страна на договорниот орган, да пристапи кон извршување на услугата и да изврши замена на резервни делови од Листата на цени за услуги и резервни делови.

Носителот на набавката е должен по добиеното одобрение од страна на договорниот орган да пристапи кон извршување на услугата за која издал предлог-пресметка (понудата).

Доколку во текот на извршување на одобрената услуга, носителот на набавката утврди дека е потребна дополнителна интервенција, тој е должен да направи дополнување на предлог - пресметката и истата да ја достави на одобрување до договорниот орган, а по добиеното одобрение да ја изврши дополнителната услуга.

Работен налог за извршена услуга

Член 13

Носителот на набавката се обврзува дека за секоја извршена интервенција ќе издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на определени лица од носителот на набавката и договорниот орган.

Работниот налог е потребно да ги содржи минимум следните податоци: датум и време на почеток и завршување на услугата, опис на извршената услуга, промена и опис на резервен дел (доколку е сменет дел) со количини и други податоци кои се потребни за потврдување на реализираната услуга.

## V. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 14

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток оптимален рок.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог - пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот од став 2 на овој член почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог - пресметката (понудата) од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува во случај на итен повик, односно на барањето за дополнително вонредно сервисирање од договорниот орган, да интервенира во рок не подолг 24 часа.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 15

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Услов за потпишување на договорот со носителот на набавката е обезбедување гаранција од страна на носителот на набавката за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од максималната вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката ја доставува заедно со потпишаниот договор во рок од 5 (пет) работни дена од денот на добивање на договорот од страна на договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го испорачува на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## VII. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 16

Договорниот орган плаќањето за предметот на договорот ќе го изврши во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата за завршена услуга кон која треба да има приложено уредно потпишан Работен налог за извршената услуга од определените лица за следење на реализација на договорите од двете договорни страни, предлог пресметка/понуда и согласност од договорниот орган за резервниот дел на кој се однесува фактурата.

Во случај на замена на резервен дел, кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон Договорот), носителот на набавката кон фактурата покрај уредно потпишан Работен налог за извршената услуга, предлог пресметка/понуда и согласност од договорниот орган за резервниот дел на кој се однесува фактурата, задолжително приложува и примерок од фактурата на

испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник на производителот на деловите.

Работниот налог за извршената услуга задолжително мора да содржи податоци за видот на извршените услуги, видот на евентуално заменетите резервни делови и потрошни материјали

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул. „Даме Груев" бр.12, 1000 Скопје.

Доколку фактурата отстапува од одобрената предлог - пресметка (понуда) или истата не ги содржи сите документи и податоци, фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката заради докомплетирање или доставување на исправна фактура.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 17

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно, врз основа на барањата на договорниот орган дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел од овој договор и понудата прифатена од договорниот орган.

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишување на договорот да му достави на договорниот орган податоци (име и презиме, матичен број и број на лична карта) за лицата кои ќе бидат определени за реализација на предметната набавка.

### Член 18

Носителот на набавката е особено должен:

- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметната набавка, придржувајќи се кон барањата од договорниот орган;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметната набавка;
- да му се укаже на договорниот орган за било која неправилност во врска со функционирањето на опремата - системот предмет на договорот;
- во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка.

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време и

да го информира договорниот орган, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на двете договорни страни.

Член 19

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на резервните делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести од производителот на резервните делови.

## IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 20

Договорниот орган се обврзува дека веднаш по сознавањето за било каков дефект на системот за автоматско гасење и дојава на пожар и влага, ќе го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга според условите дефинирани во член 16 од овој договор.

Договорниот орган се обврзува да обезбеди непречен пристап до системот за автоматско гасење и дојава на пожар и влага на ангажираните лица задолжени за реализација на договорот, до своите простории и до сите ресурси потребни за успешна реализација на предметот на договорот.

Договорниот орган се обврзува да определи лица за реализација на овој договор.

Договорниот орган се обврзува дека за време на траењето на овој договор нема сам или преку трето лице да го одржува системот за автоматско гасење и дојава на пожар и влага, без претходно одобрување од носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува да обезбеди услови за вршењето на работите на одржувањето и сервисирањето.

## X. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 21

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до негово вредносно исполнување.

Во случај овој договор вредносно да се исполни пред истекот на рокот на негова важност, договорот престанува да важи.

## XI. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

### Член 22

Определените лица од Носителот на набавката за реализација на Договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на Договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на Договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на Договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со Договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на Носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

### Член 23

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на Носителот на набавката и на Договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој Договор од страна на Носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои Договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

### Член 24

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на Договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на Договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите

активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која Носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган.

Член 25

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 22 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон. За ваквото барање Носителот на набавката веднаш ќе го извести одговорното лице на Договорниот орган.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 26

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, Носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај Договорниот органот.

Член 27

Носителот на набавката по писмено барање на Договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали Носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 28

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој Договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 29

Одредбите од глава X од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај Носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## XII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 30

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

Член 31

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара остварување на своите права и исполнување на обврските од другата договорна страна или да го раскине договорот.

Член 32

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

## XIII. ВИША СИЛА

Член 33

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на последиците од вишата сила, договорот може да се реализира, доколку неговата реализација не е завршена пред настапувањето на вишата сила.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 34

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 35

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава надлежниот суд во Скопје.

### Член 36

За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во државата.

- Сектор за правни работи -

Член 37

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 38

Овој договор е составен и потпишан во 4 (четири) истоветни и полноважни примероци, по два за секоја страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| --- | --- |
| Република Северна Македонија | Друштво за производство, трговија и |
| Министерство за финансии | услуги СИГУРНОСТ-ДП ДООЕЛ |
| Скопје | Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi | Димитар Петревски |
| Министер за финансии | Овластено лице |

Изработил: Илија Накевски
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Елизабета Калачоска
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

ПРИЛОГ 1 кон Договор:

Технички спецификации:

Одржувањето предмет на набавката ќе се врши според потребите и на барање на договорниот орган.

Услугата - предмет на набавката, ќе се врши на следниов начин:

- доставено барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга-интервенција;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за бројот на работни часови потребни за извршување на услугата-интервенцијата;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за резервни делови кои не се наведени во листата на цени за услуги и резервни делови;
- издавање на писмено одобрение за извршување на услугата од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);
- извршување на услугите од носителот на набавката и
- работен налог за извршена услуга

Предметот на набавката го опфаќа извршувањето на следниве услуги:

- Отстранување и поправка на дефекти без замена на резервен дел, за што се предвидени максимум 100 (сто) работни часа[1];
- Изработка на извештај согласно важечката законска регулатива за против пожарна заштита;
- Отстранување и поправка на дефекти со замена на резервен дел (кои се наведени во листата на цени за услуги и резервни делови) и
- Отстранување на утврдениот дефект или проблем, со замена на резервен дел по доставена предлог пресметка (понуда) од страна на носителот на набавката за замена на резервниот дел (кои не се наведени во листата на цени за услуги и резервни делови) и по прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

[1] Договорниот орган не е обврзан да го искористи максимумот работни часови

Договорниот орган не е обврзан да ги замени сите резервни делови наведени во техничката спецификација и листата на цени за услуги и резервни делови.

Во понудената единечна цена за резервни делови наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови е содржана цената на резервниот дел, кој се набавува, во која се вклучени сите трошоци за испорака на деловите, такси, увозни царани и останати давачки на набавка на делот, патни трошоци/транспортни трошоци и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Во цената на работен час (трошоци за работна рака) се вклучени: работа во редовно работно време (8-16 часот), вон работно време (16-24 часот), ноќни смени, викенд и празник со патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Работен час е бројот на работни часови потребен за извршување на бараната услуга независно од бројот на ангажирани лица за извршување на услугата.

Висината на трговската маржа за набавка на делот кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови, а кој треба да се замени по писмено барање на договорниот орган, потребно е да се изрази во (%) сметано од набавната цена на делот.

Набавната цена на делот е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Во зависност од потребата за вградување на резервен дел кој не е во Листата на цени за услуги и резервни делови, носителот на набавката треба да понуди цена за истиот со трговска маржа најмногу до 15% од набавната цена на делот. За докажување на висината на маржата носителот на набавката ќе биде должен да достави и примерок од фактура од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот.

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на резервни делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести, од производителот на резервните делови.

Гарантниот рок на ново-вградените резервни делови изнесува минимум 1 (една) година.

Одржувањето и сервисирањето на уредот/системот треба да се врши во согласност со пропишаниот начин за сервисирање и поправки од производителот.

Вградените делови треба да бидат согласно со Македонските национални стандарди кои се во согласност со Европските стандарди.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток оптимален рок.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог-пресметката (понудата ) од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен набавката и вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува во случај на итен повик, односно на барањето за дополнително вонредно сервисирање од договорниот орган, да интервенира во рок не подолг од 24 часа и да го санира или отстрани дефектот во најкраток можен рок.

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел кој не е наведен во листата на цени за услуги и резервни делови треба да содржи цена на понудениот дел која вклучува:

- цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот;
- трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;
- цена на работен час (трошоци за работна рака), во која ќе бидат вклучени работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Наведените делови ја сочинуваат вкупна понудена цена за замена на резервниот дел.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан од определени лица од страна на носителот на набавката и договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во согласно со важечката законска регулатива за против пожарна заштита да изработува редовни против пожарни извештаи. Извештаите ќе бидат изработени во согласност со важечката законска регулатива и во временски интервали кои ги пропишуваат истите.

Во Листа на цени за услуги и резервни делови за Одржување и сервисирање на системот за автоматско гасење и дојава на пожар, и влага, во предложената цена за единица мерка извештај, ќе бидат вклучени сите извештаи кои е потребно Носителот на набавката да ги изработи за време на траење на договорот со вклучени сите давачки за изработка, ревидирање и одбрување на истите од страна на надлежен орган.

Напомена: Договорниот орган по службен пат ќе изврши безбедносна проверка од надлежен орган во РМ за лицата кои ќе ја вршат услугата од предметот на набавката дека истите ги исполнуваат условите за непречено извршување на работите во објектите на органите на државните институции врз основа на потврда издадена од МВР за извршена проверка.

## ОПИС НА СИСТЕМОТ

## I. ОДРЖУВАЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА АВТОМАТСКО ГАСЕЊЕ И ДОЈАВА НА ПОЖАР, ДОЈАВА НА ВЛАГА ЗА ЗГРАДАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

### 1. Технички опис на системот за детекција на пожар и влага

#### 1.1 Детектори за дојава на пожар

Моделот SLR-E3N (Hochiki) е конвенционален, оптички детектор за дојава на пожар. Монтиран е на плафонот на работниот простор, во спуштениот плафон и во дуплиот (подигнат) под.

Оптичкиот детектор е идеален за рана детекција на чад настанат од пиролиза, а тоа е 90% од начините на кои започнуваат пожарите. Не е осетлив на турбуленциите на воздухот, а со тоа претставува гаранција за елиминирање на лажните аларми. Детекторот е конвенционален со индикација на грешки и аларм. Оптичкиот детектор на чад работи на принципот на откривање на распрскана светлина, предизвикана поради влезот на честички од чад во лавиринтот на оптички влакна во детекторот. Сите електронски компоненти се цврсто монтирани и заштитени од штетно дејство на прашина и влага. Погрешен поларитет не предизвикува електрично оштетување. Активирањето на детекторот е видливо преку трајно светење на црвена LED светилка на самиот детектор доколку ППЦ констатира дека истиот е во аларм. Секој детектор може да се тестира на аларм на самиот детектор, преку магнетски прекинувач.

Технички податоци:

- Напојување: 9.5-30 VDC
- Ел. енергија во мирување: 35"A
- Ел. енергија во аларм: 40mA
- Степен на заштита: IP 42
- Осетливост: EN 54-7
- Температура на работно подрачје: -10°C до 50°C
- Материјал и боја: PC-ABS, бела (RAL 9010)

Моделот DCD - AE3 е конвенционален термички детектор монтиран на плафонот во гаражата. Се состои од елементи со фиксна температура од 60°C користејќи термистор и линеарен склоп.
Сите детектори се монтираат на заедничко подножје за да се овозможи замена на детекторите при промена на условите во просторот кој се заштитува.
Доколку ППЦ констатира дека детекторот е во аларм, дава сигнал да се запалат црвените светилки на детекторот. Секој детектор може да се тестира на аларм на самиот детектор, преку магнетски прекинувач.

Технички податоци:

- Напојување: 9.5-30 V
- Ел. енергија во мирување: 35 "A
- Ел. енергија во аларм: 40mA
- Степен на заштита: IP 63
- Осетливост: EN 54:2000, класа A1 & A1R
- Температура на работно подрачје: -10°C до 50°C
- Материјал и боја: PC-ABS, бела (RAL 9010)
-

1.2 Електрични инсталации во состав на системот за дојава и гасење на пожар
Системот за дојава и гасење на пожар се состои од панични светилки, рачни и автоматски јавувачи на пожар, алармни трубии громобранска инсталација.

1.3 Тип на систем: Адресибилен систем за детекција на пожар
Модел на централа: ESSER IQ8-Control M
Број на јамки: 6 јамки
Секоја јамка врши детекција и контрола на статусот и нивото на зачаденост и температура на секој детектор поединечно по реден број и адреса.
Системот се состои од следниве компоненти:
Адресибилна пожарна централа
Оптичко димни детектори
Термодиференцијални детектори
Рачни јавувачи на пожар
Конвенционални пожарни сирени
Влезно / Излезни модули
Системот за детекција на пожар е изведен со кабелска инсталација која соодветствува на барањата и стандардите и техничката практика при изведба на системи, со негоречки (halogen free) кабел 2x2x0,8мм. Кабелската инсталација е водена во црево под малтер или гипс картон и на кабелски регали.
Системот за детекција на пожар е пуштен во режим на работа Ден/Ноќ, односно со намалена сензитивност на пред-аларм во дневните часови

(поради зголемено присуство на можни лажни алармни настани) и зголемена сензитивност и праг на пред-аларм во ноќните часови.

Системот за детекција на пожар, при промена на статус во аларм, врши сигнализација на системот за контрола на лифтови во зградата, при што истиот не дозволува понатамошно користење се до престанок на алармната пожарна состојба и рестартирање на централата.

Системот за детекција на пожар, при промена на алармна состојба, во детектираната пожарна зона врши активирање на пожарни клапни за спречување на дотур на нов воздух кој ќе го подржи започнатото горење и врши одимување на просториите зафатени со чад како продукт на пожарот преку системот за вентилација и одимување.

За преглед на системот за детекција на пожар се користи Winmag софтверот кој што дава визуелизација на сите детектори а е инсталиран на Scada PC-то.

1.4 Систем за дојава и детекција на влага:

Системот за дојава на влага е подржан со Exam software. Во архива собите се поставени детектори за влага кои се поврзани со БМС програмот каде графички се прикажани и може да се следи нивната алармна состојба. Во колку дојде до поплава во некоја од собите детекторот во истата ќе алармира во програмата и ќе ја прикаже местоположбата каде настанала вонредната состојба.

2. Технички опис на системот за гасење пожар со гас Аргонит и неговиот систем за дојава на пожар

За сервер собата, мониторинг собата, архивите, генераторската, УПС собата и трансформаторската просторија е поставен систем на автоматско гасење со инергени гасови, односно за секоја просторија е поставен независен паралелен систем на два конвенционални (еден термички, еден оптички јавувач на пожар) детектори, сирена со звучна и светлосна сигнализација како и рачен прекинувач за рачно активирање на системот. Во случај кога двата детектори ќе јават сигнал тие преку адресибилната централа и локалната конвенционална централа ќе го активираат системот и алармот.

Системот за дојава на пожар го чинат модули кои примаат сигнали од централата за гасење SIGMA XT и автоматската централа за дојава на пожар *SYNCRO AS*. Сигналите од централата за гасење се пренесуваат до главната противпожарна централа која е сместена во просторијата за БМС.

Во објектот во некои простории (зони) за гасење пожар постојат и спуштен плафон и двоен (подигнат) под. Волумените на подигнатиот под и спуштениот плафон се заштитени со оптички сензори за дојава (детектори). Алармните сирени се поставени од надворешните страни на просториите и по една сирена во просториите за гасење на пожарот.

Систем за гасење на пожар со гасот Аргонит се поврзува со системот за дојава на пожар. Со системот за гасење се заштитува опремата сместена во просториите предвидени за гасење, со користење на гас кој не прави штета и го спречува ширењето на пожарот. Распоредот на детекторите сместени во просторот кој се заштитува со овој систем е таков да е осигурана т.н дво-зонска зависност. На тој начин активирањето на системот за гасење се случува само во случај кога е постигнато несомнено препознавање на пожарот од страна на два детектори. Детекторите кои се сместени во просториите се поврзани на централата на системот за гасење. Во овој систем додадена е трета зона за детекција – аспирација, така да за подигање на алармот потребно е да се алармираат сите три зони. Секоја зона за гасење има своја централа која е сместена во самата просторија (зона). Системот за гасење се состои од електрични и машински компоненти во кои се вбројуваат цевната инсталација и боците со аргонит и сите механички елементи за активирање, односно деактивирање на системот за гасење. Системите за гасење пожар, се единствени системи за дојава, аспирација и гасење на пожарот.

Системот за дојава на пожар мора да детектира појава на чад (со трозонска зависност во секој заштитуван простор) и да покрене прв степен на аларм (локална сирена и сирена со светилка). Доколку системот за дојава не прекине, процесот се наставува со покренување на 2. степен на аларм. Вториот степен на аларм го активира системот за гасење во заштитените простории.

Системот за гасење на пожар се состои од следниве компоненти:

Алармна централа за дојава на пожар и активација на гасење на пожар, со три зони за дојава на пожар и една зона за гасење. Алармната централа е опремена со двостепен аларм:

- во 1.степен за исклучување на климатизацијата, за исклучување на мрежното напојување и за активирање на сирените со сијаличка,
- во 2.степен за вклучување на гасењето и сигнализација дека се одвива гасењето на пожар.

Просторот за гасење е опремен со автоматски детектори на пожар, аспирација, сирени, рачни детектори за активирање на гасењето, тастери за блокада за гасењето и светлосни панели «активирано гасење».

## 2.1 Алармна централа за дојава на пожар SYNCRO

Системот за дојава на пожар е дигитално аналогно-адресибилен со микропроцесорска управувана централа, тип SYNCRO AS, производител "KENTEC". Централата има 16 LED индикатори и една линија и има можност за проширување со дополнителна линија. Поддржува 127 (Hochiki), 126 (Apollo) и 240 (Argus Vega) уреди.

Поддржува сирени кои се напојувани од линијата, рачни детектори и I/O модул за сите три протоколи. Секој уред може да биде доделен на било која зона

осигурувајќи така едноставно прилагодување на било која конфигурација на системот. На секој уред може да му се додели адреса до 40 знаци (вклучувајќи и празни места) за да може лесно да се одреди локацијата на уредот.

Програмирањето на централата за дојава на пожар се врши со помош компјутер, а сите податоци се зачувани во меморија која не се брише, така да во случај на прекин на напојувањето централата ги задржува сите зачувани податоци.

Централата, во согласност со EN54-2, поддржува и Ден/Ноќ, менување на осветленост и cause&effect конфигурирање за сложени системи.

Составен дел на централата е управувачкиот панел со LCD екран на кој се забележуваат сите дејствија во работата на системот. На LCD екранот се гледа и положбата и местото на секој активиран детектор со дополнителни информации во описот за местото во кое се наоѓа. Централата поседува релејни излези за аларм, грешка, пожар. Прекинувачите на централата ги предизвикуваат следниве ефекти: вклучување, тест, ресетирање, рачен аларм за евакуација, стопирање на алармот и прием на сигналот. Поединечна светлосна сигнализација е предвидена за: напојување, погон, грешка, прекин на врска, тестирање, низок напон на батеријата, краток спој и прекин на линијата. Централата за дојава на пожар овозможува зачувување на информациите за последните 1000 случувања во системот за дојава на пожар кои можат да се прикажат на LCD екранот или да се испечатат на принтер кој е поврзан со централата.

1. ППЦ (Централа за дојава на пожар или ПП централа) го надгледува секој уред линијата, зесебно, така да одвоено се сигнализирани: грешка, аларм и нормална состојба.
2. До 127 адреси (автоматски, рачни детектори, модули) можат да се постават на една линија.
3. ППЦ поседува стандардни влезови за контолни функции како, низок напон на батеријата или прекин на мрежното напојување. ППЦ осигурува контактна заштита и управувачки излези за релеите.
4. Електрониката на ППЦ е сместена во метално куќиште. Влезот во ППЦ е обезбеден со врата која се заклучува. Визуелната сигнализација за секоја зона е уредно видлива и без отворање на вратата.
5. Постојат излези за следење на алармите и контрола, како што е опишано.

Прекинувачите на централата ги предизвикуваат следниве ефекти: вклучување, тест, повторно стартување (ресетирање), рачен аларм за евакуација, стопирање на алармот и прием на сигналот.

Поединечната светлосна сигнализација е предвидена за: напојување, погон, грешка, прекин на врска, тестирање, низок напон на батеријата, краток спој и прекин на линијата.

Термичките детектори за чад се монтирани како што е прикажано во цртежите и тие обезбедуваат аналогни податоци за големината на пожарот.

Ако централата за дојава на пожарот остане без еден вид напојување (мрежа или аку батерии), тоа се регистрира како пречка.

2.2 SIGMA XT (Kentec). Оваа алармна централа е опремена со три зони за дојава на пожар: две зони се автоматски детектори и една зона за аспирација (се програмира три-зонска зависност), излезите за активација на гасење (прва зона за гасење), исклучување на системот за климатизација, исклучување на мрежното напојување, сигнализација на грешки и аларм.
Централата за дојава на пожар (како и автоматскиот детектор) се во согласност со одредбите од серијата стандарди HRN EN 54, HRN DIN VDE 0833.
Централата се управува преку тастатура (на самата централа) која на себе ги обединува сите функции за индикација, т.е LED приказ за информација на состојбата на системот.
Централата се напојува со NN мрежа (посебен струен круг – осигурач), а во случај на прекин на ел. енергија има вградена акумулаторска батерија која поддржува работа на ППЦ и сите монтирани сензори најмалку 30 часа во состојба без аларм и 30 минути во состојба на аларм (акумулаторската батерија е во согласност со одредбите од серијата стандарди HRN DIN VDE 0833 dio 2).

2.3 Детектори за дојава на пожар
Моделот SLR-E3N (Hochiki) е конвенционален, оптички. Оптичкиот детектор е идеален за рана детекција на чад.
Моделот DCD-AE3 е конвенционален термички детектор. Се состои од елементи со фиксна температура од 60°C користејќи термистор и линеарен склоп.

2.4 Цевки за аспирација
Цевките преку кои се зема примерок од воздухот и конекторите се користат заедно со FIRElink асортиманот на детектори. PipeCAD софтверот е опремен со FIRElink детекторот ја пресметува должината на цевките и конфигурацијата на отвори за всисување на воздух кои се потребни за секоја инсталација.

2.5 Паралелен индикатор
На местата на кои е невозможно брзо да се одреди позицијата на активираниот автоматски детектор на чад внатре во зоната на дојава, монтирани се паралелни индикатори. Индикаторите се монтирани и ја означуваат позицијата на активираниот детектор.

2.6 Светлосен панел 12
Во ходникот пред заштитуваниот простор се поставува светлосен панел со звучна и светлосна активација.

2.7 Боци со аргонит

Системот за гасење пожар со Аргонит е базиран врз основа на потребната количина на гас кој се чува во челични боци под висок притисок.

2.7.1 Компоненти на системот боци

-Вентил на боца

Вентилот на боцата е опремен со распрскувачки диск и контрола на притисокот. Како стандарден вентил е опремен со контактен манометар. Вентилите можат да се активираат електронски или пневматски. Електрично ослободување се врши преку соленоиден вентил. Празнењето преку вентилот кој е поврзан со разделникот се врши преку високопритисно флексибилно црево. Поврзувањето на цревата со разделникот за празнење е преку неповратен вентил.

2.7.2. Ослободување на боцата

Притисокот на гасот во главната “Master” боца се користи за активирање преку електричен актуатор и низ високопритисни флексибилни црева (Hi-flx), водени до излезот на пневматскиот актуатор на главната "Master" боца како и на излез на актуаторот на соседните послужни “Slave” боци. Местата на активирање на боците се поврзани со високопритисни флексибилни црева. Изведбата овозможува сите цилиндри во батеријата да бидат отворени речиси истовремено.

2.7.3 Електрично активирање

Еден соленоиден вентил за активирање може да контролира до максимум 60 боци.

2.7.4 Разделници

Разделниците се расположиви во две конфигурации:

- Еднoредна конфигурација за 2 до 10 боци.
- Двoредна конфигурација од 4 до 20 боци.

2.7.5 Цевководи и начин на нивно спојување

За изработка на цевна инсталација за системот предвидени се челични галванизирани цевки, Sch 40, ANSI B36.10 ASTM A53/A106 GRADE, испитани на притисок од 17,2 Mpa.

2.8 Интеракција со системот за дојава и заштита од пожар

На сите премини на воздуховодите низ различни пожарни зони поставени се ПП клапни со што е спречено можното ширење на пожарот и чадот од една во друга зона. ПП клапните се автоматски задвижувани преку електромоторен погон


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 637 www.finance.gov.mk

поврзан преку комуникациски модул со ПП централата, а извршната наредба ја дава било кој детектор/дојавувач од загрозената зона. Конструкцијата на ПП клапните дозволува периодични испитувања и тестирања на подготвеност. При секое затварање на доводот на воздух во каналот со ПП клапната автоматски се исклучува и соодветниот вентилатор од уредот за проветрување на тој простор.

Погоните на пожарните клапни се поврзуваат на клима уредот на припадниот пожарен сектор. Од пожарната централа потребно е да се спроведе дополнителен сигнал за безнапонски контакт на електро ормарот од клима уредот, кој во случај на пожар го исклучува клима уредот (вентилатор) и го прекинува напојувањето на противпожарните клапни при што тие последично автоматски се затвараат. Моторниот погон има два микро прекинувачи за сигнализација на пожарната клапна. Сигнализација на затвореност се води посебно за секоја клапна во пожарната централа, а сигнализација на отвореност на клима уредот на каналскиот огранок во кој е вградена клапната.

При регулацијата на клима уредите да се има во предвид дека вентилаторите можат да се вклучат само по сигналот на отвореност од сите пожарни клапни на каналскиот развод од припадниот клима уред.

2.9 Инсталации и уреди за централизирано автоматско водење на процесите и дојава

Целокупната машинска инсталација предвидено е да работи зависно моменталните потреби за поедини простории или група на простории при нивната експлоатација.

Регистрирањето на потребите и вклучувањето на неопходната моќност на опремата го извршува централизираниот контролен систем преку компјутерска мрежа, контролери, пресметковна единица и софтверска поддршка за ваков вид на машински инсталации, што овозможува рационална, непречена и безбедна работа на системот.

Софтверската поддршка овозможува целосна автоматска работа на системот според барањата на било кој корисник во објектот.

Пуштањето на системот во работа се врши: парцијално (одделно во секоја просторија) и/или централно (од едно место на барање на корисникот). Работната и резервната пресметковна единица ќе евидентираат, складираат, споредуваат и обработуваат податоци од контролерите на секоја внатрешна и/или надворешна единица.

Автоматската регулација исто така овозможува промени на моќноста на вентилаторите на еден или повеќе рекуператори или комори со затварање односно отворање на нивните клапни за воздух (on/off) со што се намалува/зголемува бројот на вртежи, а со тоа и потребното количество на воздух.

3. Организација за заштита од пожарот

Алармите за пожар се решени со оптички, термомаксимални детектори за пожар и аспирација. Сигнализацијата е решена со помош на сирена 24 V= и 220 V, 50 Hz, во секој заштитуван простор, во ходниците и во скалишните простори.

4. Одржување на систем од водни завеси и хидратантска мрежа

4.1 Внатрешен водовод за противпожарна заштита

Системот за заштита од пожар се состои од хидрантска мрежа и систем за водни завеси со чија помош се врши секторска поделеност објектот.

Со оглед на височинта на објектот, согласно Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари , предвидена е истовремена работа на 3 ѕидни противпожарни хидранти. На хидрантска инсталација се приклучени и водените завеси. На доводот за секоја од водните завеси поставен е електомоторен вентил чие активирање (отворање) се врши со електричен сигнал од јавувачите на пожар во соодветната секција.

Противпожарната водоводна хидрантска мрежа е изведена од поцинкувани водоводни цевки за дијаметри од Ф2" до Ф3"(Ф 6/4" за водните завеси на катовите).

Постојат ѕидни вградени противпожарни хидранти Ф2". Противпожарните хидранти се опремени со аголен вентил Ф2", тревира свитливо црево Ф2" и млазница со затворач. ПП хидрантите се сместени во ѕидни противпожарни ормарчиња со врати со матирано. Постојат и ХОП хидранти кои се опремени со аголен вентил Ф2",тревира свитливо црево Ф2" млазница ,клуч АВС, резервоар за концентрат за пена и пожарникарски спојки. Приклучокот за ѕидните ПП хидранти е поставен на висина од 1.5м.

За обезбедување на потребниот притисок во хидрантска мрежа усвоена е хидро станица со следните карактеристики :

- Стандард: EN 12845
- Главна пумпа за хидрантска вода NKF 32-200,3x400V ,P=7.5kW
- Количина : Q=0,00-800,00l/min
- Притисок : H=57,5-28,00m
- Јачина: N=7,5kW
- Jockey пумпа за хидрантска вода CR3-11 ,3x220-240D/380-415Y , P=1.1kW .
- Просечна I=4.35/2.50A ,Стартна јачина на елктрична енергија 450-500%
- Количина: Q = 0,00 – 70,00 l/min
- Притисок: H = 96,0– 32,50 m
- Јачина: N = 1,10 kW

Хидро станицата е избрана за најнеповолниот случај при истовремена работа за 3 ПП хидранти за највисоките нивоа на објектот (450,00l/min). За обезбедување на целосна сигурност на објектот, изведена е и сува хидрантска инсталација Ф3" на

која на секое ниво е поставена STORZ спојка Ф2" .За приклучување на противпожарно возило на сувата хидрантска инсталација, на висина од 70см над теренот на надворешниот ѕид е поставена STORZ спојка Ф3.

5. Одржување на систем за детекција на штетни гасови ЛПГ и ЦО
За да функционира машинската инсталација за проветрување (одведување на штетни гасови од автомобилите), проектирани се канали со соодветен број на вентилатори на електромоторен погон со автоматика и сензорско вклучување. Сензорите се за јаглен моноксид, (CO) и бензински испарувања и е предвидено двостепено работење на вентилаторите. Во првиот степен вентилаторите се вклучуваат при самата појава на CO и бензински испарувања, а вториот степен (максимална можност ) вклучувањето се врши ако количеството на CO и бензинските испарувања се ближи или е веќе на или над дозволеното ниво и при детектиран и потврден сигнал од детекторите за чад. Овие видови на детектори се со меѓусебна врска и работат согласно со детекторите за чад.
Инсталацијата за погон на електромоторите за вентилаторите и за сензорите за CO, како и за бензински испарувања и чад, се водат вообичаено како и другата инсталација во ребрасти црева во бетон. За напојување на електромоторите, кабловите одат до најблиската разводна табла. Секако дека ќе постои и рачно вклучување на вентилаторите во случај на грешка, а се предвидува и рачен прекинувач на електрична енергија ( гребенест прекинувач ) поставен во затворено метално кукиште, со брава и клуч за заклучување, веднаш до соодветниот електромотор, таканаречен сервисен прекинувач.
Сите метални кукишта за сервисните гребенести прекинувачи да имаат исти клучеви и исти брави и се препорачува да бидат во надлежност исклучиво на службата за одржување.

<u>Ориентациони количини за набавка на Резервни делови:</u>

1. Контролен противпожарен панел Kentec Sigma XT 3 Zone Single Area Extinguishant Control Panel to BS EN12094-1 - модел K11031M2, Kentec Electronics „или еквивалентно" - 19 парчиња,
2. Конвенционална централа S-LINK SLF 420 LCD-Frenki Alarm „или еквивалентно" - 3 парчиња,
3. Изработка на редовен извештај согласно со важечката законска регулатива за против пожарна заштита – 1 парче.

Количините наведени во техничката спецификација се ориентациони и договорниот орган го задржува правото да не ги искористи сите предвидени количини.

Договорниот орган нема обврска да ги порача резервните делови кои се дадени погоре.
Договорниот орган по потреба може за дел од ставките да порача повеќе количини, додека за дел воопшто да не изврши порачка.
Испораката на резервните делови ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган и исклучиво врз основа на порачка издадена од договорниот орган.
Единечните цени ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи.
Кај суксецивните набавки каде има многу ставки со количини, може да се случи вкупната цена на понудата како збир на сите ставки да е повисока од износот на обезбедени средства. За овие случаи Договорниот орган наведува дека договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.

ПРИЛОГ 2 кон Договор:

**ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА УСЛУГИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**

**Одржување и сервисирање на систем за автоматско гасење и дојава на пожар и влага**

**Табела А - РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Опис** | **Единица мерка** | **Понуден модел/тип или part number** | **Единечна цена без ДДВ** | |
| 1 | Контролен противпожарен панел Kentec Sigma XT 3 Zone Single Area Extinguishant Control Panel to BS EN12094-1 -модел K11031M2 ; Kentec Electronics,,или еквивалентно" | Парче | Контролен противпожарен панел Kentec Sigma XT 3 Zone Single Area Extinguishant Control Panel to BS EN12094-1 -модел K11031M2 ; Kentec Electronics,,или еквивалентн | **25,000.00** | |
| 2 | Конвенционална централа S-LINK SLF 420 LCD-Frenki Alarm,,или еквивалентно" | Парче | Конвенционална централа S-LINK SLF 420 LCD-Frenki Alarm,,или еквивалентно" | **22,000.00** | |
| | | | | | |

**Табела Б - УСЛУГИ**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Вид на услуга** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ за час** | **Вкупна цена без ДДВ за максимален број на часови (колона 4 x колона 5)** |
| 1 | Работен час за одржување од 8ч - 16ч (максимум 70 часа) | Час | 70 | **600.00** | **42,000.00** |
| 2 | Работен час за одржување од 16ч - 24ч (максимум 20 часа) | Час | 20 | **600.00** | **12,000.00** |
| 3 | Работен час за одржување во ноќна смена, викенд и празници (максимум 10 часа) | Час | 10 | **600.00** | **6,000.00** |
| | | | | | |

**Табела В - УСЛУГИ**

| 1 | 2 | 3 | 4 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Вид на услуга** | **Единица мерка** | **Единечна цена без ДДВ** | | |
| 1 | Изработка на редовен извештај согласно со важечката законска регулатива за против пожарна заштита | Извештај | **6,000.00** | | |
| | | | | | |

**Одржување и сервисирање на систем за автоматско гасење и дојава на пожар и влага**

| **Р.Б** | **ОПИС** | **ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ** |
|---|---|---|
| 1 | ВКУПНА ПОНУДЕНА ЦЕНА е збир од: Табела А (збир на единечни цени од колона 5) + Табела Б (збир на цени од колона 6) + Табела В (колона 4) | **113,000.00** |
| | | |